*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

04-2692/1
02.06.2021

Врз основа на член 20-г од Закон за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), член 22, член 23, член 24 од Законот за работни односи ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 106/2014, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19 и 267/20), член 40-к и член 40-л став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20), член 2 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/15), Собрание на Република Северна Македонија со единствен матичен број 4064682000, единствен даночен број 4030946338843, објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БРОЈ 1/2021

За вработување на 6 (шест) помошно – технички лица на неопределено време во Собрание на Република Северна Македонија за следните работни места:

1. **Возач,** ниво А2, шифра УПР 0403А02001, во Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието, во Одделение за протоколарни работи (2) двајца извршители

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- средно образование
- работно искуство најмалку 1 година како професионален возач
- возачка дозвола за Б категорија

Пријавата кандидатите можат да ја превземат во електронска форма од веб страната на Собранието (http://www.sobranie.mk).

Дневно работно време од 8:30 часот до 16:30 часот. Неделно работно време 40 часа од понеделник до петок.

Паричен нето износ на плата за работното место под реден број 1 изнесува 19.086 денари.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на Собранието на Република Северна Македонија бр. 04-2495/2 од 28.05.2021 за работно место бр.1 се Македонец(ка) 1 и Албанец(ка) 1

2. **ВКВ Работник за одржување на објекти,** ниво А3, шифра УПР 0405А03007, во Сектор за технички работи, во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи (4) четворица извршители

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови**

- средно образование
- со или без работно искуство

Пријавата кандидатите можат да ја превземат во електронска форма од веб страната на Собранието (http://www.sobranie.mk).

Дневно работно време од 8:30 часот до 16:30 часот. Неделно работно време 40 часа од понеделник до петок. Паричниот износ на основната нето плата работното место изнесува 18.663 денари.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на Собранието на Република Северна Македонија бр. 04-2495/2 од 28.05.2021 за работно место бр.2 се Македонец(ка) 3 и Турчин(ка) 1

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат наведените услови. Кандидатите со своерачно потпишана пријава за работното место треба да ги доствват доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

-Уверение за државјанство;

-Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

- Извод од историјатот на вработување од Агенција за вработување на РСМ како доказ за работното искуство;

- Диплома за завршен степен на образование;

- Лекарско уверение да има општа здравствена способност за работното место;

- Кратка биографија со задолжително наведен контакт телефон и адреса.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи е 3 (три) работни дена, не сметајќи го денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Изборот ќе се изврши во зависност од пријавените кандидати и тоа доколку се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во две фази: административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) и интервју.

При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува.

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.

Административната селекција и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување од страна на генералниот секретар на Собранието.

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

По спроведување на фазите од страна на Комисијата се изготвува финална листа за работно место од јавниот оглас, која се доставува до генералниот секретар на Собранието, кој врши избор во рок од 8 дена.

Пријавите со потребната документација треба да се достават во затворен плик во Писарницата на Собранието на Република Северна Македонија или по пошта на следната адреса:

Собрание на Република Северна Македонија ул. „11 Октомври" бр.10, Скопје, со назнака: „Оглас за вработување на помошно-технички лица број 1/2021".

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Цветанка Иванова